# Рехабилитација на постоперативни болни во трауматологија,пластична хирургија и ампутации

ЈЗУ СБ за ортопедија и трауматологија СВ.Еразмо, Охрид
Клинички универзитетски центар , Љубљана, Словенија
(октомври-ноември, 2015)
Д-р Јоне Мицевски

***Датум на презентација: 07.12.2015***

# *Рехабилитација на постоперативни болни во трауматологија,пластична хирургија и ампутации*

Во периодот од 26 октомври до 21 ноември 2015 год. престојував во Унуверзитетски Клинички Центар Љубљана,за запознавање со новитети во рехабилитација и едукација од обласга на постоперативните состојби во трауматологија,пластична хирургија,постампутациски состојби и во одделение за инфекции.

Универзитетски Клинички Центар Љубљана датира од дамнешните шеесетти години од овој век,се надоградувал и сеуште се надоградува и прераснат е во модерен Клинички Универзитетески Болнички Центар за самиот град Љубљана, цела Словенија,како и околните држави.Снабден е со ургентен центар,клиники од секој вид,стар трауматолошки дел и голем број операциони сали и хелиодром.

Самиот Клинички центар зрачи со големо грандиозно здание кое ги опслужува жителите на Љубљана,цела држава и околината,а пред се го красат стручноста и љубезноста на вработените здравствени работници во него,како современата опрема.

УКЦ Љубљана е позната болница уште од просторите на бивша Југославија со своите просторни можности,стручноста,медицински услови,современата медицинска апаратура,современите пристапи во медицината што се применуваат и им се блиски овде а струјат и се рефлектираат од блиските европски земји.

Во периодот октомври-ноември(околу еден месец),јас бев под менторство на Доц.Др Наташа Кос спец.физијатар и претседател на здружението на физијатри на Словенија.

Во Првите неколку дена бев запознаен со самата болница,одделението за Физикална медицина и рехабилитација при самата Клиника,апаратурата,просториите и организацијата.

- За време на мојот понатамошен престој во болницата редовно, секојдневно присуствував на утрински стручен колегиум од одредената клиника,а после тоа следуваше и визита на истото одделение на кое бев распореден за тековната недела.
- На Клиниката за трауматологија,чиј началник е проф.Цимерман ја пратев раната постоперативана рехабилитација на пациентите оперирани од разна етиологија,поточно низ континуирана комуникација со операторот и останатиот тим од физијатри и терапевти се запознавав со протоколот за постоперативна рехабилитација и третман на пациентите. Присуствував и на презентација на поспесифични случаи, како и увид на резултатите по завршена операција и рехабилирација.
- Во Клиника за неврохирургија,одделение за Интензивна нега со помош на Проф.Радо Престор ја пратев времената рана рехабилитација на оперираните пациенти,се запознав со апаратурата што ја користат во раната рехабилитација и навремена заштита од декубитални рани и сл.
- Во текот на секоја недела и бев распореден во одредена физијатриска амбуланта со колега физијатар за амбулански прегледи.

- Во Клиниката за пластична хирургија и опекотини се запознав со новитетите во навремена рехабилитација и оспособување на оперираните пациенти во најкус можен рок со добрата организираност и острученост од терапевтски персонал специјализиран само за рака или нога кој користи посебен материјал “Orfit”од Белгиско производство,а до сега не ми е познат барем мене на овие простори.Овој материјал се користи за изработка на лонгети кај постампутациски пациенти.Исто така овде се користи и материјал од “Licra”еластичен (Implet-Slovenija) за изработка на корсети или “Body”за превенција од лузни од опекотини.
- Во Стара Траума под водство на Др Слободан Мацура трауматолог,како и во другите неколку одделенија доста се користени и во добри цели посебни апарати “Arthromot”-pasiv motion.Со овие апарати се овозможува навремена и во раните утрински часови и преку денот контролирана дигитализирана мобилизација на пациенти кои се буквално врзани за кревет поради општа влошена состојба или изнемоштеност,длабока старост,а под будно око на терапевт.
- Една недела бев и на Клиника за постампутациски пациенти и “Ко-Ко”инфекции,а под водство на Проф.Драгица Смрке.Тука се запознавав со проблематика на постампутациски пациенти,припрема и протѕетика на истите.
- Во неколку наврати со помош на Др Маја Франгеш спец.физијатар се запознав и со почетоците на ЕХО дијагностика на мекоткивни повреди.
- Последната недела и јас лично пред колегиум од сите физијатри при Клинички Универзитетски центар Љубљана се представив со визуелно и усно запознавање со нашата болница св.Еразмо Охрид,постер презентација од постоперативни состојби на Колк -колено и приказ на случаи од нашата болница,како и тема од Остеопорозата.

# Заклучок

Овој едукативен престој отвора можност за надополнување на терапевските методи во областа на физикална медицина и рехабилитација во матичната установа. Сеопфатен и квалитетен постоперативен физијатриски третман на пациенти постоперативни од областа на трауматологија,пластична хирургија,амутациски пациенти или еходијагностика спроведувана од спец.физијатри,а со набавка на апаратура потребна и полезна во оваа област од медицината со што ке

се овозможи квалитетен,комплетен современ третман на пациентите.